АНТЕ ПОПОВСКИ

# Лудотис

СТРЕМЕЖ

РЕДАКЦИЈА:

Благоја РИСТЕСКИ (уредник во редакција)
Коце СОЛУНСКИ (главен уредник)
Санде СТОЈЧЕВСКИ, Слободан РОШКОСКИ (уредници)
Трајче КРСТЕСКИ (одговорен уредник)

АНТЕ ПОПОВСКИ

# ЉУБОПИС

СТРЕМЕЖ — ПРИЛЕП
1980

## КОН „ЉУБОПИС“

„На големите поети готови формули за поетиката им се непотребни а неголемите — не ни̂ се потребни“.
Марина Цветаева

**Што е тоа што може да биде од интерес и да претставува воведен текст кон сопствен поетски ракопис, или поточно, — кон сопствена поетска постапка? Нема ли опасности тоа да се сфати претенциозно, нарцисодно?**

**Седно каков пристап ќе избере и седно каков метод ќе примени, тешко е да се процени колку е авторот во состојба тоа успешно да го направи кога е во прашање неговото сопствено творештво, притоа да не ги изневери колку основните важечки принципи на теоретската опсервација што ја применува, толку и да ги појасни, барем, стожерните пунктови на сопственото творечко искуство. Особено, кога станува збор за поетското искуство кое по природата на својот израз се наложува како едно од најчувствителните подрачја на творечката семантика, воопшто. Еве, поради сево ова, јас ќе се обидам само да си ги возобновам оние мигови од мојот живот кои подоцна се преобразиле и се преобразуваат, едноставно се одгласиле и се одгласуваат во систем на зборови и мисли.**

**Во мошне значајниот и во повеќе насоки инструктивен есеј „Еден опит“ со трите поднаслови: „за традицијата и иновациите“, „за откривањето на песната“**

и „иднината на поезијата", Блаже Конески ја сподвижи теоретската размисла за посебностите на индивидуалниот творечки опит кај нас, што може да биде од посебно значење и не само за македонската литературна историографија. Веднаш потоа и Богомил Ѓузел со крајно изострено чуло, упатеност во проблемот и знаење, ни посочи цела гама проблеми сврзани со семантиката, развојот и филозофијата на говорот. Од друга страна, настојувањето на „Стремеж", секој автор чија книга ја објавува да ја придружи со негова размисла за неговиот сопствен опит, може да претставува, исто така, едно своевидно проширување на теоретскиот дијапазон, што ќе го збогати нашето книжевно искуство, што ќе формулира од денешен аспект некои пунктови на нашите естетски стојалишта, и, што е од особено значење, — ќе ги открие, невидливите јадра од кои зрачи посебноста на приодот кон поезијата на современиот македонски автор.

## МЕЃУ ВИДЛИВОТО И НЕВИДЛИВОТО ВО ПОЕЗИЈАТА

„Народот не ги избира
своите поети како што никој
не ги избира своите родители".
Осип Мандељштам

Каменот, билката, брчките на старецот, смрзнатиот пат на коледе, белата дарпна на свекрвата, белото велигденско црковно оро — имаат свој говор. Посебноста на тој говор доаѓа до целосен израз низ првичната перцепција, низ првиот допир на детето со видливото. Несвесно за својата спекулативна моќ низ времето, тоа го размножува првичниот визуелен, колористичен или звучен архетип во безброј нови заменки но никогаш тоа битие во животот, по сила на сè, нема да успее да се ослободи од маѓепсното дејство на неговиот прв оган, прво оро, на неговиот прв збор. Не е тоа никакво скаменување на животот, никакво затворање во географијата на детството, туку само нов, индивидуален модел на преобразба на микрокосмогонските принципи во кои времето само се пресоздава но не се преповторува. Доколку веќе сме утврдиле дека во прометејската етапа на историјата, напоредно со огнот постоел и говорот, сигурно е дека секој творец си има своја прометејска етапа, прометејска етапа на неговото сопствено битие: огнот на неговата прва средба со видливото и со говорот што тој оган го произнесува запретан некаде во потсвеста, моќна да го преобрази видливиот и присутен свет во имагинерна, трансцендентна верзија на некогаш веќе постојното.

Но, да навратиме во пределот на своето детство, којзнае колку векови оддалечено од нас. Зошто? Денес, трагите на пепелта водат точно во тој предел во кој лесно се распознаваат запретаните, (не изгаснатите!) огништа на првата средба со видливото. Изборот на тоа видливо е една бесконечна низа, комплекс на безброј знајни и непредвидливи минуциозни составки на психолошкиот феномен. Значи некаде подоцна „светот, според Мирчеа Елијаде, се укажува како јазик. Тој му говори на човекот со својот сопствен начин на постоење, со своите структури и своите ритми."

Светот на првиот допир е свет на психолошки шок со кој натаму ќе раководат потсвеста и времето, времето во неговата физичка но и филозофска категорија. Тие, потсвеста и времето, низ бесконечни метаморфози, ќе ги трансформираат и репродуцираат визуелниот, колористичкиот и звучниот архетип — во говор. Но, и пред сè, барем што се однесува до поезијата, — чувствените сензации се тие кои подоцна ќе се репродуцираат во облик на говор.

Крие ли говорот доволно моќ не да ја замени туку барем да ни ја доближи психолошката тензија на архетипот? Ако одговориме потврдно, тогај, очигледно не водиме сметка за комплексот придружни составки кои го дефинираат и материјализираат првиот допир; доколку пак го негираме тоа — ние свесно

ја скаменуваме континуелната смисла на творечкиот чин, зашто авторот тогај би се престорил во објектив, во ѕид врз кој е втиснат далечниот печат на зборот, сликата, тонот ... Со други зборови би биле осиромашени за размислата на творечката преобразба и визија, за смислата на прогресот.

Рековме: бојата, звукот, сликата или поточно — чувствената сензација.

Да си роден во едно планинско село на Македонија и до твојата десетта година само да слушаш дека постојат и други села освен твоето и други луѓе освен оние што ги познаваш! Доказ дека тоа постои мене ми беа луѓето што доаѓаа во поинакви облеки, со поинаков говор од нашиот. Доказ ми беше средселото во неделите на пазар. Тие тука продаваа пченица, грозје, дунки, зашто ништо во тоа мое село не стигнуваше до цветање, ништо среде тој камењар не врзуваше плод и не стигнуваше до зреење. Тие луѓе носеа поинакви облеки, капи, опинци. Оглавите и самарите на нивните коњи беа украсени со поинакви монистра и везени веленца. Жените нивни, исто така, беа поинакви: некоја темна сета преминуваше преку нивните лица ...

Во тие десеттина години одвај на третата да заодиш, да запаметиш тетка ти дури те заплашува со праче и да слушаш кога вели: „кревка му е коскатa". Така ти ја правиш првата стапка низ плач, низ страв. Подоцна читаш во книгите — рахитис ...

Да потпораснеш, да се напласти снег повисок од твојот бој, утринум рано со бадник и со торбуле да чукнеш на вратата на деда ти, тетка ти, да ги затечеш покрај огниште, да им бакнеш рака, да те благословат; нешто потоа, како во сон да видиш една огромна смрзната река во која се фрла крстот и по кого се фрлаат и неколкумина за да и на овие свои години пак да не можеш да сфатиш дека сето тоа било една обична рекичка, мал јаз, еден поп и еден огромен крст и молитви што се издигаат до небесата ...

Да се надживее зимата, да се излезе на сонце да се покажат по ливадите понајвеќе гороцвеќиња, исусови венчиња, црнокалуѓерчиња, да навјаса потоа паприд, да се прават од него сеници за на свадба, да се здогледа „свекрвинското", „зетовското", „тешкото", да се види онаа бела дарпна на свекрвата, она од сонцето озарено црвено јаболко забодено на врвот на свадбарскиот бајрак па одново потоа да дојде ноќ, ѕвезди на небото, кои само да потскокнеш — да ги дофатиш, и во заедничка постела, исправени ти, мајка ти, сестричката и братчето да си ја испеете пред благиот сон „Оче наш" ...

Да броиш огништа ноќе, некои расфрлани сонца од соништата кога се распалуваат по покосените ливади, косите на косачите кога светкаат на месечина, кога почнува полноќна љубовна игра меѓу две песни: девојките низ некој темен глас кога ги довикуваат своите момчиња и тие кога им одветуваат ...

Да ги гледаш белите коленици на перачките, џандарите на прошетка што застануваат покрај нив, да ги гледаш војските — кој без капа кој без колан кога се се враќаат дома од насока на гробиштата, од насока на оние безброј бигорни крстови врз кои колваат некои црни птици ...

Млекарки со полни ведра кога се враќаат од молзење и разбој и на него мајка ти и врз бесконечната ливада на веленцето што го ткае спроти Велигден да гледаш постапно како никнуваат на милиони цвеќиња, тревки, плодови и незаборавна, точно во тие години, во пределот на првиот допир, да почне една војна, постапно да го изумуваш својот татко, тој да исчезнува низ времето, да потече и крв од твојата нога за да сфатиш дека твоето детство стои допрено како божјак до војната и молчи ...

Се разбира дека тоа не е сè. Социјализмот во мојата претстава почнува некаде од некои газиени ламби, со право на одвај четири тетратки во годината во гимназиските клупи и со многу транспаренти и пароли против студот; со први куси панталони од излитено војничко ќебе што ќе ги облечеш одвај на твојата шеснаесетта година за да прошеташ низ полето што сè уште потсетуваше како да е „во војнички цокули обуено ..."

Процесот на трансформацијата на видливото во невидливо ние не знаеме ниту кога зачнува ниту точно кога и каде завршува. Прелага е ако се смета дека со напишаната песна завршува асоцијативниот круг, метаморфозата на видливото во невидливо. Песната е само етапа на еден континуиран психолошки процес, кој само делумно е дефиниран низ поетскиот запис. Барем што се однесува за мене, вистина е дека одделни стихови што веќе претходно сум ги напишал, напати невидоизменети, од некоја песна сум ги вградувал во нова песна. Или барем одделни морфеми, ритми, структури, мисли. Едноставно, потсвеста е таа што доживотно ќе ја прогонува личноста на поетот и ќе го возобновува архетипот, но никогаш, и покрај огромните напори, авторот нема да успее најпрецизно автентично да го репродуцира (за среќа!) туку осознавајќи го ќе го надградува со својата филозофска порака и имагинација. Таа првична слика, според мене, тој прв допир со видливото е насцендентна состојба која бесконечно еманира импулси емотивна материја во просторот на творечката свест. Тоа во основа е една темна материја, честички на оние душевни сензации што се простираат и движат во огромниот простор помеѓу тагата и очајот; тоа се честички кои се јавуваат во улога на невидливи оски околу кои времето на творечката индивидуа ја прави својата голема револуција, постојано кружејќи од детството до денес и од денес до детството. И сè така: сè е тоа составка на неискажливото во процесот на преобразбата на видливото во невидливо.

Во што би била смислата на оваа медитација?

Во својот познат есеј „Поетот за критиката", Марина Цветаева, ќе рече: „Сè вслушнувам во секој голем глас, кому и да му припаѓа тој. Ако за моите песни ми зборува старец — рабин, мудар од крвта, староста и пророците, јас го слушам. Ја сака ли тој поезијата? Не знам. Можеби никогаш и не ја читал. Но тој го сака, го знае сето она од што е поезијата, изворите на на животот на битието. Тој е мудар, и ќе има доволно мудрост за мене, за моите стихови.



Се вслушнувам во рабинот ... се вслушнувам во седумгодишното дете, во сè што е мудрост и природа. Нивниот приод е космички и доколку во моите песни го има космосот, тие ќе го чујат и ќе се одгласат.

... Зборувајќи за седумгодишното дете, истовремено јас зборувам за народот, — за нерасипаниот правичен слух на дивјакот.

И кого јас уште го слушам, освен гласовите на природата и на мудроста? Гласот на сите занаетчии и мајстори.

Кога јас рецитирам песна за морето и морнарот, кој ништо не се разбира во поезијата, ме поправува, јас сум му благодарна. Истото станува и со шумарот и со ковачот и каменорезецот ... За поетот најстрашниот, најлутиот непријател (и најпочитуваниот!) непријател е невидливото. Непријател кој тој ќе го надвладее само преку запознавањето. Да се надвладее видливото за да му служи на невидливото — еве го животот на поетот".

Невидливото во поезијата е материја во која и запирката претставува ту оган, ту тага, ту некоја јарка боја навезана на работ на облеката. А што да речеме за зборот, за неговата посебност: изместен од неговото природно место да нема сила за ништо и ставен таму каде што и бог господ не сонувал — да зрачи со сила на вистинска експлозија? Низ неа проговоруваат и природата и оној долу во дамнината, некаде во четвртото ледено доба, над дваесет илјади години пред нашата ера, кога ги забележал своите пештерски цртежи, и оној, далеку во иднината што веќе го наслушува нашиот глас и, ене, се одгласува.

Векот на чувствената сензација е непредвидлив: поетот ќе ја прими неа во времето и ќе му ја предаде — на времето. Кој може да каже, барем од нашиве сегашни сознанија, кои се неговите објективни физички параметри, која е неговата вистинска детерминанта: и во физичка и во филозофска смисла?

Без сестрано, исцело проучување на сите посебности на видливото, многу тешко е да се претпостави можноста за каква и да е негова естетска трансформа-

ција во невидливо. Енценсбергер невидливото го заменува со „непронајдливо":

„Секој од нас, некогаш, имал способност да игра, а една од најстарите игри е криенката. Распространета во целиот свет неа ја знаеја сите општества — оние кои живееја од ловот и оние кои сега живеат од електрониката. Возрасните за жал играат ретко или пак безволно признаваат дека ја играат таа игра. Всушност го кријат фактот дека играат криенка измислувајќи сè покомплицирани и посуптилни начини на таа разонода. Една од најрафинираните варијанти е поезијата. Драмските дела, расказите и песните се извонредно погодни да станеме непронајдиви. Прашањето е само во тоа, од што се криеме кога пишуваме?"

Видливото, реалноста, има смисла да егзистира во феноменот на научниот контекст. Можеби и творештвото постои делумно заради тоа. Преобразбата на видливото во невидливо, препознатливото во непрепознатливо, е чин сличен на жестоката преобразба на семенката в земи: се преповторуваат вековните процеси на трансформацијата од семенката до плодот, обликот на идниот плод го прима обликот на претходниот, но, не се преповторува времето. Оттука, можеби произлегува тезата на Жорж Брак: „смислата на науката е да успокојува, на творештвото — да вознемирува."

Се разбира: Низ — невидливото, вонвременското . . .

Кога ќе исчезнат конкретните облици, кога ќе се случи да блесне песната во нов замаглен предел, дамнешното кога ќе се престори во некој притаен порив по нешто што не се преповторува, видливото кога ќе се преобрази во одблесок на невидливо, ете, и во тоа е смислата на поезијата.

Во моите помлади години, свртен со многу поназначена љубов кон медицината и математиката, јас со посебен интерес го изучував проблемот на психеделичката уметност. Потсетувајќи се на тоа а во контексот на оваа медитација, сè повеќе се уверувам и осознавам дека не само не е едноставен туку напротив, дека е многу сложен и честопати несовладлив проблемот



авторот сестрано да го согледа и проучи феноменот на видливото.

Во минатиот век, особено во наше доба, во напорот да се докучи смислата на првиот допир, да се согледаат одново остríте граници и јарки бои со помош на кои првата слика се населува во потсвеста, голем список меѓу нив и творци од епохално значење за творештвото, направија обид да создаваат и по пат на психеделичкиот фактор.

Ми се чини дека точно приодот од видливо кон невидливо ја покажува, меѓу другото, и сета апсурдност на психеделичката уметност која докажува дека преку стимулантното дејство на психеделичкиот фактор личноста може да ги продлабочи своите доживувања на надворешниот свет и дека свеста спрема себе си ја проширува на тој начин што доаѓа до активирање на непристапните региони на психата кои во нормални услови остануваат скриени во пределот на несвесното. Во суштина психеделичката уметност е битка за мотив. Едно е кога Ван Гог, Гоген, Хемингвеј или Модилјани мотивот го бараат во долгите патувања во далечните, незнајни и егзотични земји и мориња а сосема друго е кога инспиративната материја се бара во психеделичкиот фактор. Се изумува дека точно тој фактор ја спречува високоселективната цензура на кортикалните центри, дека се појавуваат пореметувања на перцептивните константи, дека е тоа изменета свест на личноста дека е тоа негова деперсонализација и да се потсетиме само на кажувањата на Бодлер, Олдос Хаксли, Анри Мишо, да се потсетиме на Рембо, Аполинер, Горки. Да се потсетиме и на — Фелини кој јавно изјави дека неговиот филм „Осум и пол" е правен под дејство на психеделичкиот фактор!

## ЗБОР ДВА ЗА ПОСЕБНОСТА НА ПОЕТСКОТО ПИСМО

Прво, околу: „поетското писмо". Мене колку ми е познато овој термин за првпат во размислата за пое-

зијата го воведува Осип Мандељштам во есејот „Испад", во кој дефинира неколку витални состојби во руската поезија и поезијата, воопшто.

Строгата посебност на творечкиот израз во сите уметнички области — издели: „музичко писмо", „ликовно писмо", „филмско писмо", „поетско писмо" ... Притоа, поетското писмо најмалку може да се сфати само низ неговата графичка посебност. Таквиот пристап би претставувал крајна елементарност и отсуство на неопходна смисла за имагинерност. Мене ми се стори за најприкладен овој термин едноставно и поради фактот што секое творечко дело општи, комуницира со на стотици и илјади безимени адресати на кои им е упатена поетската порака. Една песна е една порака, необично и отворено писмо на еден човек до илјадници луѓе.

Отворено? — Очигледно!

Необично?

Што е тоа што го изделува поетското писмо од другите? Не станува тука збор за компаративистичките приоди кои настојуваат да го дефинираат пред сѐ општото но не ја напуштаат анализата и на посебното во изразната структура меѓу уметничките дисциплини. Јас тука, од мојот скромен поетски опит, ќе се обидам само да си ги преповторам себеси толку познатите и толку значајните белези со помош на кои, поедноставно сум си ги разрешувал своите бројни дилеми во процесот на создавањето на песната.

Седно од која поставка ќе тргнеме, нам секогаш ќе ни недостасуваат повеќе елементи за попрецизно да се определиме за која ѝ да е дефиниција за поезијата. Во тезата дека поезијата е единство на:

— јазик, музика, време;
— јазик, слика, време;
— јазик, мисла, време.
— јазик, слобода, дух, непобитно е, дека феноменот на јазикот не може да се заобиколи, дека тој претставува апсолутна материја на поезијата, дека е стожер околу кој кружат и музичкото и ликовното и мисловното и духовното и самото време, најпосле. Вед-



наш до јазикот е времето а потоа и сѐ друго. Пред да навратиме на јазикот збор-два за времето, за ликовното за музичкото во поезијата.

а. Времето во поезијата

За предлозите на Хлебников: „да се внесе новина во поседувањето над земјата: да се прогласи површината на индивидуалниот имот да не може да биде помала од површината на земјината топка", и уште: „да се изврши постапно предавање на власта во рацете на ѕвезденото небо", и особено: „да се формира во сите земји за оние што сакаат вечна војна посебен пуст остров", и за сето тоа неопходно е — време. Тоа не е време само во неговата физичко-просторна димензија. Тоа е и време на неопходна трансмутација на илузијата на поезијата во апсолутен владетел над сѐ.

Поезијата по природата на својата основна функција — има амбиции да го преобразува и времето. Од искони, меѓутоа, од своите прапочетоци, стои исправена пред прашањето: може ли таа тоа да го чини? Не се ли премногу кревки нејзините коски за едеен таков товар? За еден таков подвиг?

Ако воопшто постои дарба за прв допир (прв допир и во нашата прва, и во нашата дваесетта, и во нашата педесетта година!) — дарбата го преобразува времето, ја возобновува и враќа возраста во зачеток, па како што времето не постои како некоја имагинерна и од материјата независна кондиција така и поезијата не постои надвор од времето.

„Пред науката за времето е откриен патот кон изучувањето на количниските закони на новооткриениот свет ... Тие закони дозволуваат да се повлече права кон оваа или онаа точка на иднината а не да се оди по комплициран кривулест пат во лажна потера по сегашноста. Правото на сопственост ќе премине во творечка борба за време", ќе рече Хлебников, укажувајќи ни дека никогаш немало и ќе нема доволно време, и настојувајќи да се открие општ поредок на времето и да се осознае она што беше кон она што ќе биде.

Одново значи: Времето не е само категорија на траење и менливост туку и оска на правдата.

Многузначноста, поливалентната згуснатост на смислата на времето да ги сече сите можни духовни оски и рамнини, е предмет на поезијата и влегува во нејзината филозофија како нејзина централна составка. Многутомна антологија на мисли, лексички иновации, тропи и метафори за времето се кријат во неа. Природно е поради тоа да се воспостави математички знак на равенство помеѓу времето и поезијата. И доколку времето не е само категорија на траење и менливост туку и оска на правдата — вистина е дека современата македонска поезија, најсуптилно меѓу сите творечки дисциплини, откри една значајна и филозофска и психолошка посебност на македонскиот народ: неговото чувство за временска дистанца; чувството да ја различи минливоста од трајното.

Точно ова чувство според мене, е еден од заедничките белези и на поетската постапка на македонскиот творец.

Се мачам и низ мојата поезија времето да го осмислам точно низ ова чувство.

б. Сликата во поезијата

Според Манделштам некои поети имаат звучно доживување на светот, некои ликовно. „Блок слушаше, вели тој, Мајаковски гледаше." Манделштам подеднакво и слушаше и гледаше. Од друга страна самиот Мајаковски се противставува: „Без рима стиховите би се распарчале". Римата му е неопходна на Мајаковски за да го назначи ликовното во поезијата? Мајаковски сам кажува зошто: за да не се растури стихот! Римата е нешто како звуковна потпора која да ја сочува сета структура на песната, вклучувајќи ја и сликата во неа.

Макс Ернст, неможејќи да наслика една слика — ја прераскажува: „во една земја со боја на „гради на гулаб", воскликнував кога излетуваа 100.000 гулабици. Ги видов како ги освојуваат горите, бескрајните ѕидови на морето. Видов лист бршел како плови по



океанот и почувствував еден многу благ земјотрес", И еве, Паул Кле: „Уметноста достојна на ова име не го пренесува она што е видливо ... Тогај се открива волшебното, митскиот карактер кои го гледаат очите на фантазијата ... "

Во митологијата, во идеите, во симболите, современата поезија откри нови соништа, во соништата нови реални светови. „Облачно претпладне во јули. Вкус на пепелта лета низ воздухот; — мирис на дрво што се поти на огништето, — натопени цвеќиња, — опустошени шеталишта, — зошто веќе да не дојдат играчките и темјанот?", ќе наслика Рембо во неговите „Изреки" и ќе продолжи: „сум оптегнал јажиња од камбанарија до камбанарија; венци од прозорец до прозорец; Златни синџири од ѕвезда до ѕвезда, и играм".

Сликата во поезијата има една посебна функција: се чини дека во изразниот комплекс најсилно од сé може да ја одрази имагинацијата на поетот. Може да биде облачно претпладне во јули: Вкус на пепел може да се чувствува во воздухот; може да се насети и мирисот на дрвото што се топи на огништето; да се почувствуваат натопени цвеќиња; да се прошета усамснички низ опустошени шеталишта ... Тоа е сé во ред ... Ништо не е надвор од нашите чувствени сензации. За да се заокружи оваа слика, за да се дефинира, нешто е неопходно. Тоа е прашањето: „Зошто веќе да не дојдат играчките и — темјанот?" Сега сликата веќе не е слика: Звукот на зборот, бојата на зборот и, особено темјанот се кријат меѓу буквите, меѓу редовите и сé одеднаш замирисува. Сликата веќе е поезија.

Исто е и во примерот: „Сум оптегнал јажиња од камбанарија до камбанарија; венци од прозорец до прозорец; златни синџири од ѕвезда до ѕвезда и играм". Сé до златните синџири е возможно, реално, видливо. Од синџирите до ѕвездите — почнува играта и царството на поетскиот сон. Моќта на зборот и преку сликата да се доближи до мислата и размислата, е процеес што егзистира во поезијата од нејзината праисторија: во генот на зборот е да формира слики, во смислата на сликата е да се крие нејзиниот прародител — свет-

лината и сенката на неизречениот збор. Јарки се боите на сликите од првиот допир на македонскиот поет, од неговата прва средба со нив под небото на неговата татковина. Тие бои, во основа, како да го откриваат мотивот на песната, како да ја насочуваат мислата исклучиво кон прапостојбината на тагата во која до стерните до високото пладне кружи времето преобразено во илјадници бои и слики.

Сликата — една од водечките и најценети достоинства на современата македонска поезија е облик низ кој мислата се мачи да го скамени невидоизменето нашето некогашно време; впечатлива слика на разделбата со оние што одеа на туѓина, сликата на велигденското оро, сликата на жетвата се составки на духовниот пејсаж на македонската географија и обраќањето кон неа не значи враќање кон нејзиното време туку протест кон духовната унификација што произлегува од нашата инертност.

Велам: македонската духовна географија, како резултат на историски неправди, денес се протега на сите континенти; велам: во име на тоа поетот има право ако веќе немаме празник што се вика „ден на разделените“ — барем да си ја возобнови сликата на разделбата на оние што ја напуштаа татковината.

в. Музиката во поезијата

Зошто би се компонирала музиката, доколку она што го соопштува нотата може да го соопшти зборот? „Се исправи без придржување, сама мина покрај нас, кои стоевме како ангелосани, и направи неколку чекори од ходникот до пијаното, огромно висока и непрепознатлива по неколкумесечното лежење во хоризонтала . . . “ ја опишува Марина Цветаева предсмртната средба на нејзината тешко болна мајка со пијаното. „ — Но, да видиме вредам ли уште за што и да е? — рече смеејќи се . . . Седна. Сите станаа на нога. И тогај, под нејзините веќе одвикнати раце — но јас уште не сакам да го откријам името на делото што го свиреше, тоа е сè уште нејзина и моја заедничка тајна . . .



Беше тоа нејзиното последно свирење. А последните нејзини зборови . . . беа:
— Жал ми е само за музиката и сонцето“.

Како секој од нас пред да замине, што ќе си зажали за една, одвај за две работи.

Ако мора веќе да се напушти животот и притоа да се зажали само за музиката и сонцето, и тоа прво за музиката а дури потоа за сонцето — значи тоа е безалтернативно. Тоа е миг кога не постои веќе ни минато — ни идно; тоа е единствен миг кога човекот постои сосема сам: тој и — мракот спроти него.

Наспроти мракот — стои сонцето!

Наспроти животот — музиката!

Крие ли поезијата во себе музика?

Записот за последната средба на мајка ѝ на Цветаева со пијаното, не ќе имаше смисла доколку таа по еден друг повод не рече: „Песната само тогаш е убедлива кога ја проверуваме со математичка (или музичка, што е исто) формула . . . Послушна сум спрема нешто што во мене постојано но нерамномерно звучи, ту укажува, ту заповеда. Кога ми укажува — спорам, кога ми заповеда — го слушам.

Она што заповеда е првичната, неменливата и неизменливата песна, суштината што се јавува како песна . . . Она што укажува е звучниот пат кон песната: ја слушам мелодијата, зборовите не ги слушам. Зборовите ги барам.“

Анализирајќи ја музичката структура на поезијата, Соломон Маркус во неговата „Математичка поетика“ коментира две, во основа противставени теоретски стојалишта: едното е дека звучната убавина на стихот не може да делува независно од смислата која ја имаат зборовите во песната и дека звучната релевантност вон лексичките и граматичките морфеми всушност и не постои. Според второто стојалиште, што го застапува и Соломон Маркус, се укажува на функцијата според која „звуците во поезијата и преку неа стапуваат во директна врска со човечките доживувања после симптоматските и симболичките кореспо-

денции помеѓу фонетските појави и вонјазички појави."

Според Соломон Маркус „тврдите согласници преовладуваат во песните што одразуваат гнев, а меки во оние од кои зрачи нежност". Би било интересно во рамките на ова тврдење да се компарираат видувањата за гласовите, барем за оние гласови, за кои и Рембо и Хлебников и Маркус се произнесуваат.

Седно што математичката поетика сé уште не е во целост конституирана научна дисциплина, фактот дека денес науката се бави со математичкото моделирање на поетскиот јазик и фактот дека веќе алгебарски структури толкуваат поетски структури во најмала рака — вознемирува! Дотолку поинтересно е, еден гениј како што е Хлебников, математичар — визионер и еден од највидовитите поети на нашето столетие, едноставно да „прими рапорт" кон крајот на нашиов век за некои свои видувања:

1. Според Рембо У — означува зелено.
   Кај Хлебников за У — не се говори.
   Според Соломон Маркус, У — е мрачно.
2. Според Рембо И — означува црвено.
   кај Хлебников за И — не се говори.
   Според С. Маркус И — е лесно, брзо и тенко
3. Р кај Хлебников претставува површина на кругот и линија на оската.
   Р кај С. Маркус е — машко!
4. Л кај Хлебников е бело или пресоздавање на тродимензионален свет во дводимензионален.
   Л кај С. Маркус — е женско!

При ова, во ниеден момент не смее да се изгуби од предвид фактот дека Рембо говори за гласовите во францускиот јазик, Хлебников во рускиот, С. Маркус (претежно) — во романскиот.

С. Маркус како научник. Рембо и Хлебников — како визионери и метафорично ...

Но, седно кој пристап ќе се избере, денес е невозможно во јадрото на поетскиот јазик да не се согледаат музичкиот ген, да не се наслути моќта на чистата музичка валенција на стихот. При сето ова од трохејот до јамбот — сè е ставено во припомош за да ја донагласи возбудата или сосема да ја смрачи тагата на поетот.

Повнимателната анализа на македонската народна песна, не само низ нејзината литерарна структура туку и низ нејзината мелодична линија, ми откри три света: свет на темно и болка, свет на неповторлив љубовен порив и нежност и свет на магија. Да не знаеш кога престанал зборот и кога се престорил во тонски запис! Да го гледаш сето тоа како вистинска магија зрел плод што се ниша во светлите дворови на душата во секоја годишна доба.

Може ли на некој начин, воопшто, да му заблагодари поетот на својот народ, на својата народна песна?

г. Јазикот во поетското писмо

„За разлика од музичката писменост, вели О. Манделштам, од нотното писмо на пример, поетското писмо во значаен степен претставува голема белина, отсуството на многу знаци и забелешки кои се подразбираат и кои единствено го прават текстот сфатлив и законит. Но, сите тие знаци не се помалку прецизни од нотните знаци или хиероглифите на танцот".

Но, суштината на јазикот во поетското писмо ниту од далеку не се состои во тоа да се откријат само метафористичките и формално-графичките посебности. Напротив. Внимателно проследувајќи го научниот приод кон поезијата и исклучиво од аспект на одредени математички анализи, Соломон Маркус доаѓа до следните значајни заклучоци:

— поетското дело е отворено и никогаш не е упатено само кон еден;
— поетското дело е изложено на отворена и бесконечна метаморфоза, и тогај кога неговиот рецептор не се менува;
— поезијата е носител на континуелна бесконечност на значењето;
— поетското значење е рефлексно, инволутивно. Последица на транзитивноста во поезијата се демотивацијата и произволноста на звуковна-

та подлога на јазикот;

— поезијата е акустична супстанца, уметност на фонацијата;

— поетскиот јазик стои вон противречноста: вистина — не — вистина;

— поетскиот текст со своите поетски фигури претставува елемент на изненадување, што ја зголемува непредвидливоста а тоа доведува до пораст на ентропијата;

— одредени поетски содржини бараат одредени метрички типови;

— неискажливо во поезијата не постои во чиста состојба;

— поетскиот јазик не го карактеризира синонимијата. Тој располага со бесконечност хомонимии;

— во поетскиот јазик — изразот е сѐ. Поетскиот јазик оптимално ја презентира сугестивната хипостаза, научниот — хипостазата на поими.

Сето ова во најголем број случаи, поетот не мора да го знае но, тој го чувствува, тој тоа по една законитост, по силата на својот творечки инстинкт и имагинација го прави, го создава. Тој го чувствува фактот дека максимална валентност на соответна содржина може да се постигне само и доколку таа содржина се вгради во нејзината природна метричка и акустичка структура, доколку ја зголеми нејзината тензија со ефектите на обртот и непредвидливоста, и дека носечка суштина на јазикот на поезијата е неговата рефлексивност.

„Поетот се посветува и изгорува во тоа да најде јазик во јазикот", вели Пол Валери. Елиот предупредува дека секоја револуција во поезијата може да доведе до враќање кон обичниот јазик. „Постои еден закон во природата, вели тој, помоќен од сите променливи струи, од секое влијание однадвор или влијание од минатото: тој јазик бара поезијата никогаш премногу да не сѐ оддалечи од нашиот секојдневен говор". Ова во суштина исто становиште, ќе го поддржи и Превер.



„Уште од самите почетоци јас сум обраќал внимание на говорниот јазик и сум барал за него простор во стихот. Во врска со сето ова, како податок лично за себе, ќе кажам дека меѓу моите текстови има малку такви што се врзуваат по метафорика, и воопшто по изразните својства, со македонската народна поезија, т.е. што се пишувани, по обичното велење, во духот на народната поезија", вели поетот Блаже Конески, соопштувајќи ни одредени посебности од неговиот поетски опит.

Помеѓу овие компетентни искажувања разлика не постои. Не постои разлика и во гледањето на Хлебников, кој застапувајќи се за еден поназначен неологистички говор, всушност се противставува на скаменувањето и успаноста на нормалниот говор, што зависи од креативната моќ на поетот.

Поетот застанат спроти македонскиот јазик како да се наоѓа пред неосвоивата тврдина во времето: кога ќе си помисли дека ги отворил нејзините порти — се покажале други, трети . . .

Убавина на маката. Вечноста на творечката прелага.

. . . Зошто сево ова?

На творецот не му е дозволено да суди за неговото сопствено дело. Но кога е веќе обврзан да одговори на едно од најчувствителните прашања — за посебноста на својот творечки опит, мене ми се стори дека е најприродно тоа да се направи посочувајќи на некои од поинтересните теоретски стојалишта за поезијата и посебно назначувајќи ги оние кои му се поблиски, поприемчиви.

Се разбира дека ваквата постапка не може исцело да ги задоволи ниту потребите на „Стремеж", ниту пак да ги објави бројните искушенија пред кои се наоѓа творецот.

Анте ПОПОВСКИ

**ПЕСНА ЗА ТРЕВАТА МЕЃУ НАШИТЕ РЕБРА ИЛИ ПЕСНА ЗА ТАТКОВИНАТА**

(„. . . Три меча надолу“
Фан Ноли)

Светлина плавна.
Камбана што ѕвони
во коските на селаните
и в земи што шетаат
со вили како огнени крстови
кренати кон небесата
пеејќи: три Марии нагоре
три меча — надолу . . .



**ТРОЈЦА ВОЈНИЦИ**

Лежејќи загледани нагоре
тројца војници си одбираат по една ѕвезда
и секој сам се искачува кон неа

Три жолти цветови
се нишаат на ридот пред нив
како три слатки збора на нивната татковина

Утринум, една песна за неа
и куршум место точка
на крајот на песната

## ЧЕКАЈЌИ ГО СИНОТ

„Сите патеки во пеколот
да би раззеленале чекајќи те“
(Ирска здравица)

Таа со бела шамија на главата
Тој со бели коси
Седнати еден спроти друг

Под дрвото во дворот.

Таа чита некое старо писмо од синот
Тој пие ракија.

Слушаат како вие песот кај соседите
Гледаат како се прибираат птиците под стреата.

Седнати еден спроти друг
Таа загледана во светулките зад него
Тој во бигорните крстови зад неа.

Сите патеки во пеколот раззеленаа
чекајќи го.



## ЗАПИС ЗА ЦРВЕНИТЕ ВЕТРОВИ

„Ќе ги расковат мечовите свои во рала
и копјата свои во српови“
(Книга на пророк Исаије)

Дури починуваше војската, летна квечерина се
покажаа
некои црвени ветрови низ полето
што се нафрлија врз тревата

Ја легнуваа, ја кршеа,
ја фрлаа час ваму — час таму
Ја креваа, ја корнеа од земјата

Та до мајчина болка низ ветрот
пиштеше горката
коските како да ѝ ги расчинуваат.

И кога престана ветрот и се одврзаа коњите
Таа уште не се исправаше, лежеше како болно дете
На кое му се суши срцето.

Ќе дуваат тие црвени ветрови, ќе шептат ѕвездите,
сè дури не ги расковете своите мечови во рала
И копјата свои во српови

## ЗАПИС ЗА УЧИТЕЛОТ

Според песната „Двојник“ од
Ф. Х. Дагларца

Кога влегуваше во училницата
ја ваѓаше книгата а потоа трпеливо
им читаше на децата

За секоја педа на нивната татковина:

За огнот на нејзиното име кој исцелува се́,
за ветриштата што ја нишаат земјата пролети,
за неопходноста постојано да се наслушува

говорот на коските запретани во неа.

Сега со години талка сам низ полето
и ги собира стакленцата од очилата на детето
некогаш што седеше во првата клупа

и кое најубаво ја кажуваше песната:
кога е војна — **секое дете е јаболко**
**расечено на две половини**

**кон земјата зелена**
**кон небото — црвена.**



## ГАВРАН

Гавран грачеше над жетварите и на зајдисонце
Со нив се враќаше дома.

Одвај павташе со крилјата, се влечкаше по небесата,
Доаѓаше некаде од дамнините и којзнае по колку века

Одново ќе грачи во својот дом.

Веќе си отишле старците некогаш што седеа тука . . .
Згаснале ѕвоната што огласуваа молитви над
покривите.

Се скаменил гласот на девојките со боски в раце
Што се капеа во реката,
Се исушило и стеблото на кое застана да грачи.

И веќе никого не познава за да му прераскаже
Колку сонца и колку месечини памети,
Отаде кои мориња и луњи и отаде кои боишта и
копја

Се враќа

Веејќи се како црно знаме низ времето.

Грачи, клетиот, морници в коски да ти полазат,
Како да грачи од врвовите на чесната ноќ на оние
чии коски ги колваше по боиштата.

Грачи, клетиот, грачи,
по проштевањето и за вас што ќе рече:
ене ги, она бело цвеќе по камењарот
Со златна наметка залез покриено . . .

## АРСЕНИЈА ОД ДЕБАРЦКО И ГАРЦКО

Во одежда на страдалник
Гледа Арсенија
Лилјак прелетува над него во мракот

И низ прозорецот на костурницата
Удира во полиците со черепи
Врз кои е врежано

Герасим
Ефтимија
Павле

Копајќи со прсти по земјата
Меѓу летото и правта земска
Гледа Арсенија

И ластовичка во залезот
како прелета над реката
и застана на крстот спроти него.



## ТАТКОВИНА

Кога пристигна бродот во таа далечна земја
Тој виде непознат народ поседнат на брегот
И јадри ѕвезди на небото.

Што носи кога го прашаа
Тој покажа врзана шамија со земја
А кога му ја истурија заплака
Татковина е тоа рече тој и саноќ
грутка по грутка и прашинка по прашинка ја
собираше.

## ВОСКРЕСЕНИЕ

Расцутен двор, камбани што корнат еден дрвен крст
И го фрлаат меѓу ѕвездите,
Празничен чаршаф, свеќа што догорува
И твојот празен стол покрај трпезата.



## КРСТОТ НА ОВЧАРОТ

Само еден меѓу крстовите во гробиштата немаше име
На него беше развило гранче со неколку листенца
И под него си спие овчарот
Некогаш, во една далечна квечерина, на своите раце
како на постела
Што ни го донесе првото јагненце што ни се родило.

## ЛУЗНА

(На Тома Лоте)

Што призива ова болно, ова усмртено, ова бело парче
на кожата,
Ова место кајшто се разминале сонцето и месечината,
Што сака да каже овој таен крст?

Што призива овој заумен белег на челото, на коската,
ова изгаснато огниште, овој избледен ракопис на
нечија мисла,
Што сака да каже овој скаменет глас?

Што призива оваа завеана трага, оваа пепел,
Оваа прошетка низ камењар, низ суво билје,
Што сака да каже овој јагленосан знак?

Што призива оваа непрепознатлива пештера со под-
земни сонца,
Овие пеперутки веќе што не распознаваат светлина,
Што сака да каже мирисот на ова осамено стебло
што гние?

Што призива овој 'рѓосан меч,
Ова црно рикање на добиток во летна ноќ,
Што сака да каже оваа лузна на душата?



## СТАРАТА УЧИТЕЛКА

Есени, таа сосема сама.
квечерина стои крај прозорец, пие чај
и се сеќава на последната екскурзија.

Уште убаво ги распознава гласовите на своите дечиња,
ги гледа како јазат по овошките
и како ѝ принесуваат синолички

што ги собираат по ридовите.

Играат дечињата околу неа
Таа чита за Ороско* како го забодува својот крст
— со удари на секира.

И како заоѓа сонцето — така почнува да врне,
лие врз книгата, ги брише буквите
— не може да ги откорне крстовите.

Есени, таа сосема сама,
и како почнува да роси
— таа ја затвора книгата.

---

*(„Ороско“ — Поема од Артур Лундквист)

## ЗАПИС ЗА НЕКОГАШНИОТ КОМАНДАНТ

„. . . Како куршумот и раната.“
А. Лундквист

Со години гледавме сам како се искачува по ридот,
Застануваше пред ѕидиштата во кои можеше да се препознае
Некогашна тврдина и тука го минуваше денот.

Квечерина ја раздиплуваше изветвената војничка карта
И на неа се мачеше да го распознае својот глас
Врз полегнатата војска низ полето

Ја корнеше мовта, го соголуваше камењето на тврдината
Раскопуваше низ полето, ги чистеше рововите,
И некаде на залез, студен ветер кога надоаѓа од замаглените ѕвезди,

Тој долго стоеше простум и со војнички поздрав
сам си ја пееше песната некогаш што ја пееја неговите момчиња:
Отвори ја вратата, можеби ноќва ќе се вратам . . .

Потоа ќе ја здиплеше изветвената карта на која одвај се распознаваше слободата

И на која уште светкаше огнот на вкрстените мечови
Врз белата пепел на предците.



По многу години, некаде на залез,
Студен ветер кога надоаѓа од замаглените ѕвезди

Си легна тој меѓу своите момчиња
Прегрнат неразделно со нив: како куршумот и раната.

## ТАТКОВО ПИСМО

Сине, вели, денес луњата го полегна полето,
Ги откорна дрвјата и саноќ по месечина
Како утки сами шетаа жените.

Запаливме свеќи и коњот го испуштив
И не знаеш каква радост му ја осветли душата
Зашто никогаш толку убаво не светкала тревата

— Како вчера по луњата.

Играше, трчаше, скокаше
Потоа легна и си заспа како дете,
Бог благ сон му даде под ѕвездите

— И сега слатко си сонува.

Си мислам, сине: во каква болка
некогаш ќе се витка мојата жедна душа
под неколку жолти цветови

— Коњот сега кајшто си сонува.



## ЈАВЕ ВО ДОЛИНАТА НА ЖИВОТОТ

Лете Ристос си игра со дечињата во дворот
Полни ведро од бунарот
Ги полева како цвеќенца другарчињата
Навечер собира светулки со нив
И се тркала низ покосената ливада
А кога ќе заспие во тревата
Кога ќе порасне во сонот
Кога ќе заприлега на момче

Од ридовите на летната ноќ
Ќе се покаже Дева Марија
За да си го прибере Исуса
И го засолни
Во ѕвездената постела на светото писмо

Ние така заспани во тревата
И не ја видовме белата шамија
во која беа завиткани клинци
И не чувме како одѕива во ноќта

Некој дури нѝ го ковеше крстот.

## ОГАН СПРОТИ ВЕЛИГДЕН

Одненадеж потемне небото од чад
што штипеше во очите, во грлото
и што го вознемири добитокот како спроти потоп

та скокајќи, рикајќи се разбега низ полето.

Дечиња си играа, се валкаа, прескакаа едно преку
друго
сè дури огнот не ја префрли оградата
и не се нафрли на усамената куќерка на старичката.

Бездушно заигра црниот оган по стеблата, по
гранките,
го зафати покривот од сите страни
и како се скаменија децата од ужасот

така се чу она темно, она грозно крцкање на гредите
како коски човечки да се кршат.

Кога се урна, кога стрешти,
кога се дигнаа некои црни пепелишта нагоре,
старичката само се прекрсти и си легна на земја:

огнот барем земјата не ја гори, рече кутрата.



## ЗАД СЕНКИТЕ НА ДОЖДОВИТЕ

Нешто сепак се гледа зад сенките на дождовите:

пеперутка долетува и застанува на прозорецот,
трепка со крилцата, пишува врз него

со жолти букви низ топол ветер
мај 1978.

Тревата пред да нè зароби,
времето пред да досуши,

Нешто сепак се гледа зад сенките на дождовите.

## ВО ДОМОТ НА СТАРЕЦОТ

Квечерина излеговме на прошетка
и разговорот нè одведе до оние исушени ритчиња
некогаш како деца кога слушавме

колку темно рика добитокон
дури се враќа од пасење.

Кога се вративме молчејќи,
скитајќи од една до друга пустош во душата,
чувме прекрасна вест:

спикерката на телевизија соопшти
дека во Македонија
узреале првите цреши.

Колку мило зборува девојчено, рече старецот,
гласот ѝ е како остров среде морето
и како дожд во пустина.



## ЗАПИС ЗА ТРАГИТЕ

Мајсторон што си потпевнува качен на скелено
— не знае,
егуменкана што шета низ дворон манастирски
— не знае,
намерникон молкум сега што одминува
— не знае,
старецон преплашено што гледа во залезон
— не знае,
јаболконо што се ниша зацрвенето во дворон
— не знае,
и ѕвездана што сега паѓа од небеснине длабочини
не знае

Каде е Таа,
тајно од мене
што ја наслови мојава песна

и со години ме остави да чекам
загледан во ветрон што ја разнесува правта
на нашата прошетка по земјава,

Каде е?

## ПОСЛЕДНИОТ ПСАЛМ НА СОСЕДОТ В ПОСТЕЛА

Секој негов збор траеше долго и мачно излегуваше од
него
— Како да ја напушта библијата.

На одеање нè запраша само
Зошто дечињата веќе не играат
Меѓу белите жбунови во неговиот двор

И што коби добитокон,
Зошто риканоќва високо до ѕвездине?

Да можам да станам, рече старецот,
Да здогледам

Со камен кога нѝ го набиваат в земи
Крстот покрај главата . . .



## ПРАВТА ТВОЈА

Меѓу илјадниците ѕвезди, бубачки, тревки, луѓе
запомна само име — две;

Меѓу илјадниците скриени во јавето, цветањето,
молчењето, стравот, сонот
препозна само глас — два;

Меѓу илјадниците расфрлани низ жетвите, раѓањето,
плодовите, луњите
си одбра само боја — две;

Меѓу илјадниците што патуваа, одминуваа, се криеја,
разболуваа
си одбра само жена-две;

и уште нешто-две,

И толку. Потоа:
Правта твоја — неопходна за да никне житото.

## ЅИДНИОТ ЧАСОВНИК

(На Јован Котевски)

Ѕидниот часовник —

предел во кој да го препознаеш белото велигденско
оро околу црквата;
црвената поплава на узреаните цреши;
златниот прстен што на месечина го коват коњите
околу стожерот во дворот;
појавата на црните ѕвезди спроти луњите;
фортуната во која останаа завеани кираџиите;
жените што со разголени дојки пеат во жетвите
на далечните лета;
сенката на старецот дури се крсти над трпезата;
јаренцата што ги кубат перуниките во дворот;
девојката која гледајќи ги размножува пупките
на овошките;
расфрланите коски на предците како ракопис
на далечните потомвства;
прошетката под оваа априлска месечина кога си
шептат нешто историјата и татковината.

Ѕидниот часовник —

Предел во кој да ги распознаеш сите божји
состојки од кои растат децата и цветовите;
Поштарот кој среде летен дожд тропа на вратата
и го довикува твоето име;
ветровите што го менуваат правецот на корабите;
воин од кој е останата само бројка врежана на
неговиот череп;
иницијали на ѕверови престорени во болки
и во гранчиња;



калуѓери што се движат по работ на морето
и бараат пусти земји за молитви и мир;
Елена на топлата постела на првата вечер;
потомства што ќе ги остават своите
ребра покрај ребрата на своите татковци;
записот оставен врз плочата над нас.

Ѕидниот часовник —

предел во кој да ги откриеш тајните лузни
на душата;
песокта што ги покрива невратените;
првата насмевка што се раѓа во крошните;
полноќната птица што избега од библијата;
прекрасните дождови што патуваат од
праискони и чекаат пред портите на пролетта;
пеперутките што во својот лет го пишуваат
името на мојата татковина;
'рѓосаниот меч на воинот;
исчезнувањето на зборот;
тревата весела како детенце пред да му
облечеш кошулка по бањање;
ноќта во која исчезнаа светулките и
се скрија меѓу цветовите на сината вазна;
бесконечните надоаѓања на болката и на огнот.

Ѕидниот часовник —

предел во кој се гледа пастувот од песните
со рогови кога го корне крстот во полето;
лилјак кога прелетува некаде од кај амбарите;
старец што му шепти во сонот на полноќното сонце;
ноќта во која полека исчезнуваат буквите
и се слуша само болното стенкање на ѕидниот часовник
чиј глас од ѕид до ѕид,
бие во крвта,
скита низ иднината
и застанува само ден-два по твоето заминување.

Ѕидниот часовник —

предел во кој се гледа пастувот од песните
со рогови кога го корне крстот во полето.

## СОНОТ НА МОНАХОТ

Гледајте на ова место дури не прошетал оган низ него
Ноќеска ја видов неа тука во птица престорена
И на прозорец ми тропна.

Имаше бела облека и мирисаше на јоргован
И чув реброто во нејзината утроба како крцка
зашто се делеше на две.

И видов дојките нејзини кои светлината небеска
како ѝ се поткреваа
и чув Бог како ѝ довика:

Марија, веќе зора е . . .

Така ми исчезна во сонот
Во птица престорена.



Не смеам да заспијам – ќе ми исчезне во сонот

Скроени недра на моите колена кога ноќева
Нејзините гердани од црни и жолти пеги на вратот
– Како будење сонати нешта што го имувале
[illegible]

Нејзиниот глас – понизок од нејзината сенка
Нејзиниот од – потаинствен од прошетката во зорите
Низ земните длабочини – до плодовите на светлината

На моите колена дури ноќева таа
Незнаен ковач шар на дланката ми носи
Да запалам цигара.

– Не смеам да заспијам зашто ќе ми исчезне
во сонот

[illegible]

## THE YELLOW CHRIST

Не приоѓајте му,
Тој се крие во жиличките на тревата,
Скита низ пустината и наслушува
од која страна ќе надојдат водите,
разговара со плодовите,
неговиот глас за визглавје
го ставаат во крошните на децата
и во постелите на болните,
неговата галија плови меѓу пусти острови
расфрлани низ морињата на оние што останаа без сон.

Не приоѓајте му,

Три жени со бели шамии околу главите
Седат во полето и го чуваат него
Спроти долгото патување низ темнината,
низ бесконечните растојанија
од студот до огнените знамиња на плодот,

Не приоѓајте му,

Утрово ќе ги искачи ридовите
и ќе застане на она место
каде што застануваат јулските квечерини
да ја гледаат девојката со срп во рацете
како оди низ полето
и застанува боса среде реката
на залез сонцето за да ја оплоди
и така размножена да истече со реката
до свирепите морињa на усамата,



Оставете го,

Однесете му тогај вода,
дајте му сол,
и чист во душата нека си легне во полето
да слуша како пеат светулките
меѓу ожнеаните стебленца на пченицата.

Не приоѓајте му,

Оставете го. Три жени со бели шамии околу главите
Му претскажуваат, црвена жед од која ќе изгори земјата
и дека низ провалиите на исушени морињa
со векови надоѓаат заточеници
да го видат како се скаменил
чекајќи ја да мине девојката
на залез сонцето што ја оплоди.

Не приоѓајте му,

Тој лежи скаменет на крстот што е направен
нагоре: од јагленосаната молитва на селаните што се издига до небото
и попреку: од трагите на ластовичката што прелетува преку нивниот темен глас.

## СОНЦА И МОЛИТВИ

Пред портите на својот дом
врз кои е врежан белег на некој
далечен век

тој стои сам и гледа
јато пеперутки прошетува низ молитвата
што ја пеат изгорените билки во дворот

и ја понесуваат нагоре.

Од што им беа убави гласовите на билките
од што им беше жална молитвата
добиче стиснато до ѕидот со испружен јазик

Хули на бога и фрла копита кон небесата.



## СПРОТИ ВЕЛИГДЕН 1979

Луѓето се враќаа од црква со запалени свеќи,
Ги засолнува впазуви, ги бранеа од пролетниот ветер,
Итаа кон своите домови
неизгаснат за да го внесат огнот на второто раѓање.

Христос воскресе, им рече старецот на домашните
А потоа долго гледаше во свеќата што догоруваше на
трпезата
И помисли: меѓу илјадниците свеќи што горат во
животот
Има само една вистинска — онаа, уште незапалената,

— Врз правот нѝ.

## ОТКОРНАТИЦИ

Има еден убав предел, о, усаменици,
во кој цел век скришум си ја бакнувате земјата
а ништо не ѝ велите

вашиот збор
како наметка од ѕвезди врз вашиот крст.

Има еден убав предел, о, беспотомци,
во кој само пепелта нешто значи
зашто таму вие препознавате траги
од скаменет народ некогаш што ги множел сонцата
— сега, вашето име, скаменето во студови
врз вашиот крст.

Има еден убав предел, о, скрбници,
во кој утринум над ридовите на вашите коски
прошетува еден црвен ветер
и ја разнесува правта нà вашата прав
и сенката на вашиот крст.

Има еден убав предел, о, откорници,
Слушате ли што грозен глас се чуе?
Тоа коските наши се сушат,
Тоа зад нас нема никого и ништо

— Ни поштук — ни збор!



## ЗАПИС ЗА МАЈКИТЕ ОД ЕГЕЈСКО

Сте ги забележале ли оние наши осамени старички во црно
везден што стојат потпрени на оградата
и загледани в земи никогаш и ништо што не зборуваат?

Квечерина, бел ветер им ги одврзува нивните црни шамии
А потоа сами влегуваат во ноќта
и сами низ неа се симнуваат самоти морето.

Вполноќи некаде, легнати на брегот, ја бакнуваат
својата света почва во која ништо не догорува
и слушаат како шкрипи на ветрот некоја подотворена врата,

И замирисува некој исушен цвет во заклетвите.

Долго потоа слушаат како светка в земи
модра ѕвезда меѓу ребрата на нивните чеда
Таа утре што ќе трепка врз тревата што ќе нè покрива.

Предзори ќе си ги оплакнат очите во морето
и одново ќе се вратат назад во земја од големата земја
да шетаат со тланикот од еден до друг крај на дворот.

Сте ги забележале ли оние наши старички во црно
везден што стојат потпрени на оградата
и загледани в земи никогаш и ништо што не зборуваат?

## УРНАТИНИ НА МИСЛАТА

Велам: стар часовник бие во ветровита ноќ
над огнот на заспаните љубовници . . .

Велам: погледот на некои небески очи
како топла постела за да заспијат децата . . .

Велам: непознат глас шета низ мракот, низ
зацрвенетите јаболки,
по избеганите коњи, во изобилието на летото . . .

Велам: цели потомства скриени во каменот
уште копаат и бараат нешто што не го најдоа во
животот.

Велам: кула се издига меѓу морето и небесата
и во секоја пукнатина по една молитва . . .

Велам: старичка му подава вода и сол на намерникот
и го прашува каде е нејзиниот син . . .

Велам: дожд надоаѓа отаде нејзините зборови
зашто син цвет се суши некаде меѓу житата . . .

Велам: прашајте од која страна на времето отидоа
и какво знаме се вее врз коските на татковците ваши. . .

Велам: слушаш ли што шепоти морето,
бели острови ти се заканувaат како оган во сонот . . .



## ОДНОВО НОЌТА

Надвор снежи а ти влегуваш облечена
Во твојата црвена кошула
Ги отвораш ноќвите и потоа седнуваш
Покрај огништето: догоруваат нежните стебленца на
нашата цреша
Ти се стискаш во мене, полека заспиваш
И пред сонот ми велиш:

— Гледај, црвена бубачка умира во пепелта.

Така ти ми претскажа сè
Во доба на убавиот оган.

## МОНАХ СТОИ ПРЕД ПОРТИТЕ МАНАСТИРСКИ

Монах стои пред портите манастирски
И гледа таму, отаде планините, отаде морето
Минува Елена. Ѝ го препознава одот,
И го слуша гласот и гледа
Врз пладнето — сонцето ја запишува нејзината лика
И ја остава пред него како икона.

Ја бакна в чело и виде скаменет
Божјиот знак одново како исчезна во небесата.



## НЕИЗРЕЧЕН ЗБОР

На усниве, во мислата, врз душава
се втиснати буквите на твојот неизречен збор

и велам — добро е.

Ако треба да изгориш
— огнот ќе го поприми обликот
на моето тело

Ако треба да умреш
— ќе згасне и мојата врсничка
меѓу ѕвездите.

## КРАЈ НА ЛЕТОТО

Селаните ги симнаа белите шамии од главите
Добитокот грозно рика запретан во пепелта на летото
И гласот му се престорува во ракопис на дожд.
Девојка погледува во старецот
и го враќа сонцето од него да не заоѓа.
Исушени коњи се влечат како сенки на мртовци низ полето.
Бојата на изгорените цветови попреку
и гласот на перачките нагоре
прават крст што сени врз изгореното поле.
Сини птици надлетуваат врз доенчето во крошните во дворот
Пеперутка со часови нешто ѝ шепти на розата и заспива крај неа.

О, тоа благословено стебло на јаболка
со жолто лисје на гранките
и окружено со цветови од градината на Јуда —
— уште ме чека!

Љубовна луња на усните на млекарката
што пее квечерина и
Одот нејзин што отвора тајни врати низ кои се гледаат
Белата грива на детството
Грозно ронење на твоите години
и ѕвездите што ќе трепкаат врз тебе.



## ПЕСНАТА НА МАЈСТОРОТ

Кога снема веќе сила за ништо,
Кога откажаа рацете, коските, видот,
Кога ги фрли теслата, мистријата, височето,
Кога се растури коритцето,
Кога престанаа да го викаат на другите да им прави куќи,
Кога му пораснаа децата, кога ги одгледа,
Кога се растурија кое-каде
— Мајсторот почна да ја ѕида својата куќа.

Со денови, со ноќи, откако извишија ѕидовите,
Откако во правта околу нив, под нив
Се препознаваше белиот малтер
Измешан од сонце, од воздух, од дожд,
Мајсторот дигаше, ги потпираше, ги врзуваше
Греда по греда, штица по штица,
Коваше брут до брут, клин до клин,
Сè дури не се покажа костурот на покривот
Сè дури не дојдоа сите да ја дарУваат куќата,
Сè дури не извиши таа повисоко од сите други куќи
Од каде можеше убаво да се види месечината
Како влегува низ отворениот прозорец
И лази под постелата на заспаното детенце во старата куќерка.

Ноќта, искачен на највисокото ребро на чатијата
Мајсторот запеја и низ песната се мачеше
Да ја дофати најубавата ѕвезда врз него,
За потоа, кога ќе се врати дома,
Да ја скрие меѓу навезаните цвеќенца на веленцето
Со кое го покрива внучето
За да му трепка врз неговиот сладок сон.

## НЕПОЗНАТАТА

Долго ливадите ја паметуваа нејзината прошетка по
нив
На прсти се поткреваа тревките за да го допрат
нејзиниот фустан
И жолти и бели и небесни гласови на цветови ѝ го
довикуваа името

И ја молеа да седне
Но таа продолжи, исчезна меѓу брезите и ѕвездите ....

И ете, наспроти сите божји нешта,
Сега луѓето застанати на прозорец гледаат и се
крстат:

Точно во таа доба и од страна зад која исчезна таа
Квечерина, заедно со ѕвездите
— изгрева и сонцето.



## ДЕВОЈКА НА БУНАРОТ

Овде некогаш одново ќе биде јули:

Дрвја со црвени плодови,
Старичка што со недели чека да се воздигне
За да си поразговара со својата сосетка на небесата,
Ѕвезди во дланките на заспаните дечиња,
Жени со набрекнати дојки легнати под сенка,
Крикови на птици среде летната замаглина над
ожнеаните полиња,
Илјадници пеперутки скаменети во сенката на
облакот,
Српови расфрлани кај јазот,
Црна сол врз изгорените костури на тревките
И една девојка што полни ведро во бунарот
За да му подаде студена вода на оној
Утре што ќе седи на ова исто место
Загледан во дрвјата со црвени плодови

Овде некогаш одново ќе биде јули ...



## ЕСЕНИ, САМ КРАЈ ОГНИШТЕ

Есени, сам крај огниште
Распретуваш нешто во пепелта, си мислиш,
Гледаш како се буди огнот, како разгорува,
Како се исполнува мракот околу тебе со илјадници
искри,

Како се искачуваат тие потоа по полиците,
Меѓу дуњите, меѓу јаболките,
И како згаснуваат уште при првиот допир
Со синџирот што виси над огништето.

Една искра најдолго се мачеше во мракот,
Стоеше пред кандилото, молеше пред прозорецот
да се отвори,
И кога ѝ откажаа нејзините невидливи крилца
Сеуште светкајќи падна на мојата дланка
И како на студена постела легна — и згасна.

Ја стискам дланката,и гледам:
Од огнениот глас на искрата остана само студ на
пепел
Што се мачи да ми шепне нешто,
Да ме утеши, да ме залаже . . .

## СПРОТИ ПРВИОТ ЗБОР

„. . . како огнот во прекршениот леб,
како чистата зора во згаснатите ѕвезди."
(Ив Бонфоа)

Колку мачно беше било, каква болка
спроти првиот збор . . .

Се напиња, се грчи невиното во крошните,
како невидливите жилички на семенката

дури ја пробиваат земјата
за да излезат на виделина.

На која светулка во сонот ли ѝ мавта?
За кого оние синолички ли ги збира?

Го поткрева главчето, ги дига раменцата
игра со рачињата, мавта со нив во иднината

целото зацрвенето

како огнот во прекршениот леб,
како чистата зора во згаснатите ѕвезди.



## ЛЕТНИК 1977

Полноќта одненадеж задуваа
оние улави пролетни ветришта
од кои крцкаа гредите на куќите.

Прилегаа на зелени острови,
на јаже оптегнато преку морето,
беа трага по која се враќаа плодовите . . .

И во миг изгасна запалената свеќа,
се затресе прозорецот, се отвори
и зад ридиштата

отпрво некоја исконска белина
се искачи по небесата
а потоа пукна спроти земјата, спроти душата

свеченоста на пролетното необјатие.

## ОГАН ВО ПРЕДЕЛОТ

Предел проколнат, предел скрбен,
ко гревот во него да е зачнат,
си стои така од дамнини

и во самотија гасне.

И глеј — навратија тука дечиња и нивните гласови
како жолти, бели, небесни цветови
утрото никнаа низ полето.

Сега некој црвен виор ме буди во сонот
и во пределот како во света земја
гледам: не догорува огнот

и не гаснат ѕвездите.

Предел е тоа проколнат, предел скрбен,
ко гревот во него да е зачнат
си стои од дамнини и во самотија гасне.



## РУТА ОД ДРЕВНИТЕ КНИГИ

Рута што ги собираше зрнцата
зад оние што ги собираа
сноповите на жетварите.

Нејзиниот црвен глас
како портокал
врз изгорените усни.

Рута што те изнајде во сонот и те одведе во одаите со вино

и те покри со знаме љубовно

и те скри меѓу две воздишки
на детето во сонот,
те скри во гревот што го суши срцето.

Рута што скита низ морињата
за да го пронајде
твојот потонат сон.

## СОНОТ НА ДЕТЕТО

Лето. Сонцето застанато над црквата,
Мајка му везе кошулка со распејани цветчиња,
Тоа мавта со голите рачиња, се смешка,
Гледа во сонот:

две светулки го водат за раце
и на бело ждребе го качуваат.



## УЖИЧКА 15

(На Ј. Б. Тито)

Да ми е да прошетам по вашата улица
Тајно допрен на ѕидот на твојата куќа
Да чујам колку убаво потпевнуваш

А камо ли — како сонуваш . . .

**ГЛЕДАЧКА НА КАФЕ**

(На В. И. — К.)

Еве го твојот поглед со кој сонцето им се обраќа на плодовите
Две брези имаш и некоја црна месечина меѓу нив изгрева
Си ги прибрала сите светулки во твоите ливади да пасат
Црна сенка минува преку твоето срце . . .
Те гледам се молиш покрај една света река
И во копитата на коњот што го враќа твоето момче
Има многу ѕвезди и — амин меѓу ѕвездите . . .



Јанис Рицос *)

([illegible] на стиховите на „[illegible]“)

...

И само птица, ~~[illegible]~~
[illegible] на Персефона, ѝ принесе (в скут)?
Зрна гранати. И децата во [illegible]
ѝ [illegible] квечерина при тажно трепкање на ламба
Малечка богородица на масата во една народна кафеана
Со птици и риби на [illegible] и на [illegible].

[illegible]

*) (Страна: „Я. Рицос / избранное“, стр. 278 „Прогресс“, Москва, 1973




## ПЛАДНЕ КОГА МИНУВА ДЕВОЈКАТА

Прво застана момокот
Потоа дотрчаа двете калуѓерки
А кога удри камбаната и се покажаа ѕвездите
Од ѕидовите на пештерите во манастирот
Еден по еден се симнаа и светците
Застанати на брегот на езерото и са ноќ чекаа
Да се покаже во водите одразот на девојката
Што мина тука денес на пладне
Во бела облека и жолта лилија во косите.

Некаде во зорите
Ене ја, рече помладата калуѓерка,
Лежи потпрена на крстон во водана
Како Богородица.

## ДА СЕ НАСЛИКА

Во јули застанат во вашиот двор
да ја кренам раката
наспроти сонцето
и внимателно движејќи ја низ воздухот
да се одразува сенката на секој нејзин потег
како оган што да го нагризе ѕидот
сѐ дури мислата на тој цртеж
не се вглоби во душата на каменот
сѐ дури среде ова болно јаве на животот
ѓаволски убава одново не се покажеш ти
наведната како му ги замиваш раните
на вашето болно ждребе
и гледаш на мапата на неговата засушена крв
пат што скршнува кон вилински езера
и коњ на патот што 'ржи самоти ѕвездите
и стебленце бела бреза
што сениша над младичот.



## ГУМНО

Црвен коњ како црвена луња
светка на месечината.

'Ржи, трча низ ноќта околу стожерот,
Скока врз згаснатото сонце на ожнеаното класје
И жестоко го втиснува со копитата

датумот на јули
врз огнот на заспаните љубовници.

Меѓу знаците на нашето враќање,
Со вили како со огнени крстови
Стојат мажите и жените го воспејуваат својот иден
плод.

И ветер што излегува како од библијата
расфрла псалми наспроти ѕвездите
меѓу кои сега шета детето

Некогаш безгрижно што си лежеше покрај стожерот.

## МОНОЛОГ НА ИЗАБЕЛА ДУРИ ГО ГЛЕДА ДОЖДОТ

(Според истоимениот расказ на
Габриел Гарсија Маркез)

Неделата, кога излеговме од миса,
нè придружи густ и мрачен ветер
а потоа се нафрли дожд.
Убаво е, си мислевме,
дождот ќе ги освежи рузмаринот и калинките,
ќе ја оздраве изгорената земја.

Така ден, ноќ. Дождот не престануваше,
Растеше како некое големо дрво
меѓу останатите стебла.
Кога навикнавме на таа едноличност,
на тоа сивило,
вторникот во бавчата се раздени добиче
што тонеше в земи, слепи близначиња
шетаа по дворовите и пееја,
и така, Ноќта ми се пристори
некоја небесна тишина
во која не се слушаше ништо
освен оној вечен звук на земјата
дури се врти.
Средата ли, четвртокот ли,
одново се разденивме како во пекол
градината во дворот тажна, стебленцата во неа јадни,
Татко ми го снема, како да исчезна во времето,
и некаде по некој ден гледаме:



водата ги раскопала гробиштата
и жолтите коски на мртовците
пливаат по улиците
и нѝ мавтаат на сите:

ајдете, велат, што чекате?

## ДЕВОЈКАТА ШТО ПОЅВОНИ НА НАШАТА ВРАТА

Постој, поседи во нашиот двор,
проговори нешто

помогни им на овошкиве
да расцветаат.



## ТРПЕЗА

Старец го крши надве лебот
Во лебот жени со српови во рацете
И огнот на летото што светка на нивните разголени
гради.

Старец го крши надве лебот
Во лебот мирис на млеко на доилка
Легната среде јачменот.

Старец го крши надве лебот
Во лебот црвен коњ како црвена луња
Кога светка на месечината.

Старец го крши надве лебот
и во лебот гледа како си се престорува во земја

и во светулки над неа.

## ВЕЛИГДЕНЧИЊА

Саноќ стоеше сама крај прозорецот
и нешто ги молеше пролетните ветришта.

Гласот ѝ го дочу земјата
и некаде го скри.

Утрината во дворот гласот беше се presторил
во виолетови, небесни и бели

венчиња — велигденчиња.



## МОМИНА СОЛЗА

Како заоѓаше сонцето, како гаснеше,
усамен младич си пееше низ долината
и нешто молеше.

Неговите зборови како светулки потскокнуваа меѓу
житата,

си играа, се криеја, сè дури не осуна полето
во некоја древна белина од момини солзи.

Везден цвеќенцата си играа низ полето, се пресегаа
и од лисјенцата на тревките
го собираа гласот на младичот

и во своите пазуви го скрија.

## ПОСТЕЛАТА НА СТАРЕЦОТ

Ноќта кога за'ржи ждребето,
Кога се покажа гласот на водарките што пееја,
Тој долго се мачеше да се поткрене од постелата.
Чу само душата како го моли нешто
И коските како му крцкаат
И имаше сила само да види

Ѕвездите врз него — блиску,
Марија — отаде ѕвездите . . .



## НОЌЕСКА ВО ТВОЈАТА ПОСТЕЛА

„Ноќеска во твојата постела
Бевме тројца: Ти јас месечината . . .“
(Октавио Паз)

Некогаш во оваа ширина, во оваа прозрачност
Кога ќе се извиши една убава куќа . . .
Онде сега кајшто лебди птицана во воздухон
Ќе има прозорец
И квечерина кога ќе наминеш тука
Девојка ќе го отвори прозорецот
Да те слуша како потпевнуваш:

Ноќеска
во твојата постела
Бевме тројца:
Ти јас месечината . . .

## НЕ СМЕАМ ДА ЗАСПИЈАМ — ЌЕ МИ ИЗЧЕЗНЕ ВО СОНОТ

Спроти недела на моите колена кога ноќева
Нејзините герданчиња од црни и жолти пеги на вратот
— Како љубопис спроти жетва што го пишувале
пеперутки

Нејзиниот глас — потих од нејзината сенка во зорите,
Нејзиниот ôд — потаинствен од прошетката на
светлината
Низ земните длабочини до плодовите

Дури ноќева таа
На моите колена
Незнаен ковач жар на дланката ми носи
Да запалам цигара.
— Не смеам да заспијам зашто ќе ми исчезне во
сонот.



## ТАГАТА НА ПОШТАРОТ

Го слуша гласот на дечињата некогаш што трчаа зад
него,
Ги гледа млекарите со полни ведра квечерина кога
минуваат покрај старците,
Се сеќава на кондурацијата везден што распрашува
колку патува писмото до Америка,
Ја бара низ мислите девојката на која некогаш ѝ
раскажуваше
Што ќе пишува во писмото од нејзиниот младич утре
што ќе ѝ го прати:

На секој негов збор ѝ се надаваа, ѝ се поткреваа
дојките,
За'ржи белиот пастув во дворот и од неговиот врисок
Се занишаа стеблата, се вознемирија плодовите,
Светнаа нејзините обетки и затреперија во ноќта
Како две заумни ѕвезди.

По толку време — си седи поштарот сам,
Прета, копка нешто со бастумот пред него,
Ѝ шепти нешто на земјата,
И гледа една тажна жена осамена на прозорец,
И се мачи да го одгатне ракописот на животот,
Избледеното писмо на чекањето.

## ДА СИ ЗАМИСЛИШ ЕДЕН ПРОЗОРЕЦ

Оваа патека сега треба да сврти лево,
Да почне да се искачува,
Да те доведе под едно исушено стебло,
Испотен да седнеш крај него,
Да се сетиш на својот некогашен дом што веќе го нема,
И во воздухот, на светлината што бие откај црквата,
Да си замислиш еден прозорец
И на прозорецот да си ја видиш сестричката
Пладнето што те довикува за ручек,
Да седнеш на трпеза покрај татко ти,
Тој да го крши лебот и да го бакнува.
И да вели амин
И мајка ти потоа да стане
И да ја принесе првата чинија узреани черешни
Од вашиот двор.

Оваа патека сега треба да сврти лево
И да почне да се искачува
Во далечните столетија на детството.



## НА ПЛАДНИНА ВО АВГУСТ

Кога да погледнеш на пладнина во август.
— пеперутки што наскокуваат од изгорената трева,
— детенце што си заспало среде пожолтени цветови,
— ждребе со испружено јазиче што ги моли небесата
за дожд
Кога да погледнеш на пладнина во август.

## БЕЛИОТ ДУЌАН

Го знаеја сите Белиот дуќан во градот
Украсен со црни гредички по ѕидовите.

Пролети, младичот прво ги отвораше прозорците
А потоа ги поправаше часовниците, ги чистеше,
разместуваше . . .

На чардакот, на другата страна на улицата,
Утринум, во иста доба, тихо си пееше жена
И ги полеваше цвеќињата во саксиите.

Кога ќе го чуеше нејзиниот глас
Тој го навиткуваше големиот часовник
Кој точно на пладне биеше свечено довиќувајќи ја
неа.

Облечена во бело, како во прошетка низ библијата,
Едно утро таа забележа:

Затворени прозорците на дуќанот,
Изгорени хризантемите во нејзината саксија.



## КОГА НОЌЕВАВМЕ ВО КАВАЛА

Со денови талкавме низ песочишта по степите на Азија
И во ѕвездена ноќ стигнавме во град
Во кој ништо не можевме да распознаеме.

Кои сте вие што доаѓате отаде ноќта и отаде ветровите
поморски?
Преноќете тука, кршете го мојот леб
И пијте го моето вино, рече жена, нешто кога ја
прашавме.

Нејзините зборови се извишија како копја над морето
И како црвени кубиња по ридиштата зад нас.

Пред нас кога блесна Кавала во зорите,
Белина од праискони кога нѝ ги исчисти душите,
— Нешто нѝ шепна морето

О, благословени дечиња на мојата татковина,
Шептете го и вие неговото име и тоа е доволно
врвоите на вашиот глас низ иднината.

Да светкаат како од сонце опрашени

## КОГА ПРЕСТАНА ДОЖДОТ

Кога престана дождот
Саноќ младич си пееше негде низ полето
и гласот му паѓаше како семе во влажна земја.

Кога се покажаа ѕвездите и ветер кога подуна
Како исчезнуваше гласот на младичот
— Така две обетки некаде потреперуваа.



## ПТИЦА НА ДЕТСТВОТО

Птица на детството
Помислам ли
— Првнува кон небесата . . .

Сега само во сон го слушам
Павтањето на твоите крилца
— Твоето прекрасно исчезнување.

## ИМА ТАКВА НОЌ

Има таква ноќ во која не постои збор
Што може да ги одгатне сите лузни

Има таква ноќ во која се распознаваат само ’рѓосаните копја на оградата во дворот
И некоја златокрила пеперутка што се провира низ нив

Има таква ноќ во која ѕидиштата на собата се сосема голи
И во која неочекувано до тебе како последна причесна

Допира тешкото удирање на стар часовник
Обесен во некој агол на неосветлената соба

Има таква ноќ кога цигара по цигара
Стигнуваш ненадејно до некои полноќни дождови

А потоа одново слушаш како удира часовникот
И го препознаваш во неговиот глас

Оној сетен повик

Таму некаде, далеку во иднината
Кога си играат дечиња и ја тапкаат земјата врз тебе

И во прекрасна ноќ бараат светулки среде бујатата трева
Што те покрива на ридон.



## ТАЖАЛЕНКИ НАД МОРЕТО

Извитканите фотографии на кои стоиме заедно со дедовците на брегот,
Крстот од своето дрво на полицата,
Заклучените долапчиња во гостинската одаја,
’Рѓосаниот меч фрлен во градината,
Мистријата на мајсторот,
Големите бајраци што ги оддиплуваа на свадбите,
Огновите летна ноќ в планина,
Шкрипењето на портите рано во сонот,
Третото венчавање на старецот од соседната улица,
Првата прелага на вереничкиот прстен,
Пладнето кога заминуваа некаде војските,

Сé, сé некако одеднаш исчезна,
Останаа во свеста само оние три стебла на брегот —
Како три тажаленки над морето,
Како три крста,
Три меча:

Дење што го милуваат
Ноќе што му шептат
Во која насока заминаа децата
И кога — ќе се вратат.

## ВРАТЕТЕ СЕ СКИТАЧИ ШТО ГО МНОЖИТЕ СОНЦЕТО

Ќе се вратите, о, одново ќе се вратите
Вие скитачи што го множите сонцето.

Ќе се вратите пеејќи за сончев ветер
Што пустоши низ оваа древна мапа

На која веќе се распознаваат
Изгаснатите огништа околу кои седите.

Велам ќе се вратите зашто јас тоа го читам
од плодовите и од летните магли,
јас тоа го слушам од лебот и од солта,
јас тоа го гледам во очите на жетварките,
јас тоа го прераскажувам гледајќи ве
како му пеете на полноќното сонце.

Ќе се вратите, о, одново ќе се вратите вие
зашто сонцето веќе се симнува меѓу мртвите

И им прераскажува за нас
Загледани во овие изгаснати огништа на душата.

Кога ќе се вратите — ќе забележите само траги
од нашата љубовна луња смрзната на каменот.

Тоа ќе биде ракопис на нашите изгаснати ѕвезди,
Воден печат втиснат врз иднината.



## СТУДЕНА ПОСТЕЛА НА ОГНОТ

(„Ветрот се враќа во студената
постела на огнот“
Октавио Паз)

Некогаш тука имаше едни млаки
Една воденица зад млаките
висока бреза среде гробиштата
птици што разговараа со неа на нејзиното наречје
перачка на јазот со црвени коленици и голи дојки
сонцето што ја поземаше за раце
и ја вглобуваше нејзината сенка
врз ѕидовите и вратите на домовите
како живо писмо до сé што ќе се плоди низ иднината...

Некогаш тука имаше едни млаки
Една воденица зад млаките
висока бреза среде гробиштата, бели коњи и
песна на момчиња што надоаѓаше
како молитва на ангели распејани по небесата.
Сега сé беше се престорило
во некој јагленосан цвет,
во некоја студена постела на огнот . . .

## ТРАГИ

Отиде на оседлан коњ
Како сведоците на Јехова дури одеа на погуба.

Отпатува сонот каде што му го покажуваше патот,
Отаде  светите гребени на цветањето . . .

Му се обраќаа довикувајќи го
— црвената трска што трепереше во водата,
— разголените гради на нашите жени,
— молњите скриени во молитвениците на монасите...

Отиде на оседлан коњ,
Пролетни дождови врз неговото семе
скриени во плодовите . . .

Огништето му е изгаснато,
Јачмен не врзува на неговата нива,
Добиток пасе горчливи билки

Меѓу урнатините на напуштениот дом.

Ова се — трагите!
Прашинка ако се сочува
Изгребана од стапалките на оној што отиде
— Ќе се врати! Некогаш ќе се врати . . .



## ЗАПИС ЗА ЦВЕЌАРОТ

Секоја недела доаѓаше цвеќарот, секој празник
Да ги окопува овошките, да ги крои
Да го корне дивиот повит по ѕидовите.

Потоа ќе влезеше дома и долго на балконот
Го полеваше цвеќето, ги забришуваше неговите
листенца
И на крајот ќе седнеше да испие кафе со младата
домаќинка.

На одење ќе застанеше на улица, ќе се свртеше,
Му затреперуваше срцето гледајќи ја неа како им се
радува
На омајничето, на ѕвездените, на огнот на лилиите . . .

Сега кога ќе застане пред таа куќа.
Прозорците затворени, дрвјата во дворот исчезнале
низ времето
И само едно без сенка го нишаат ветришта есени:

Под него стои еден згниен тланик на кој се нафатил
лишај
И му се присторува само сенката на убавата жена
Некогаш што си потпевнуваше во дворот

Тој дури ги окопуваше овошките.

## БЕЗДЕТНИОТ ИСУС

Исус Христос си заспа во копа сено.
Сите се црвени и здрави
А Исус е бледо и слабо детенце.
Русокос е и ноќе влегува во бавчите
Да краде јаболка.
Исус Христос е резенка црвена лубеница
Покрај постелата на старецот.
Река небесно-сина. Орлица над Јудовито езеро.

Светник ноќе што шета по есенски ливади.
Исус е море што се повлекува,
Исус скока преку смрзнати потоци,
Се крие во пештерите и кове
Златни решетки за Жар-птицата.
Исус ги успива Света Елена и Мајка Тереза,
Носи жолта кошула и самотник
Во своето дрво создава зелена светлина,
Северници и секавици.
Исус Христос е со црвени чорапи и бледо лице
И сега самик шета по небото и размислува
Како се случи да остане бездетен
Кога веќе знае дека
Не умира само оној што ќе роди
И проклет дека е оној
Што цел век нешто прета
А ништо за иднината не ќе запрета.



## НЕЗНАЈНА, ШТО МЕ НИШТИШ

Дете на градите на мајката
Загледано во ѕидарот на куќата,
Девојки скриени во житата со небесни цветови во косите,
Црвена светлина што се слуша отаде петровденските камбани,

Светулка скаменета на отворена книга во дворот,
Коњ што фрчи низ ветерот над реката,
Стар часовник што бие меѓу прозорецот и ноќта,
Име врежано во каменот на соседот,
Бела пеперутка што се буди во тревата,
Жнеачка што му шепоти на плодот во неа,
Девојка што се крие во душата на темјанушката,
Старец што оре со погледот по мапата на татковината,

Буква скриена меѓу црешите
За да не може да се соопшти зборот што е неопходен,
Победници што се плашат од пепелта на поразените,
Денот на нејзиното раѓање —
меѓу два глужда на црешата,

Непрепознатлив глас што шета низ темнината,
Младичи што којзнае
Од која страна на времето заминаа,
Пролетен ветер што тропа врз твојата песна

И ти
Што сакаш да ме прашаш
Уште ли живееш спроти нас,
Во пустиот дом на старичката?

# УЛАМ НА ТВОИТЕ УСНИ ВО КОИ ЗАОЃА СОНЦЕТО

Потајно улам на тебе,
на твојата скришна насмевка,
на твоите усни во кои заоѓа сонцето,
улам на строгоста на твојот збор,
на твојот рапав глас,
улам на твојот поглед

насочен како стрела кон сонцето.

Улам на твојот двор со распеани рози,
улам на древниот часовник што покажуваа недојдено
време,
Улам на оној жесток ветер
од кој не потреперуваат ниту гранките ниту лисјата
туку коренот в земи,
улам на твоето тело што како божја заповед
го свртува кон себе сонцето
и го крие за да му биде визглавје
на плодот во тебе.

Улам зашто отиде со рака на усните
за ништо да не се слуша
улам на твоето латинско име
заробено во некое ѕвездено доба на дамнината,
улам на овенатите плодови на твоето молчење,
улам на далечните градини на Азија и на морето
низ кои набркани се спуштаа Адам и Ева,
улам на дождот што тропа врз твојот сон
улам на тебе и велам



симни ја раката од усните
во нивната древна усама да пренокам.
Улам на твојата жестока неправда
што ми го одзеде сонот,
улам на твојата божја сила
еден крај друг дури стоиме
и дури погледнувам на твојата рака
што ги покрива усните
неколку века од мене да се оддалечиш.

На тебе улам, неправедна божице,
што се оддалечи со мојот залез на твоите усни
за да намножиш поколенија.

## ЗАГЛЕДАН ВО КНИГАТА НА РОДЕНИТЕ

Вездeн ја прелистував книгата на родените
сé дури не го пронајдов и оној ред
во кој се препознаваа и буквите на моето име —

синџирче од глуварчиња што го плетат децата пролети.

Долго стоев врз нив гледајќи ги како трчаат низ
летото,
како се кријат меѓу тревките,
како се искачуваат по овошките —

како се усамуваат уште незаодени.

Кога ми го чуја гласот ме препознаа, поцрвенаа,
а потоа почнаа да ми мавтаат со рачињата
гледајќи низ мене:

како помодрува денот,
како се скаменуваат боските на мајка ми
и постапно како никнува трева

меѓу моите коски.

Квечерина одново кога ѕирнав во книгата
ми се стори дека побелеле, се смалиле,
и позаспале како дечиња во постелата на книгата —
ги покрив со темната покривка на моите горчиви
години.



## ПОЛНОЌНА ГЛУТНИЦА

На Ацо Шопов

В сон ме прогонува некој црн ветер,
В крв ми се насели
'ржење на гладна глутница низ снегот.

Се фатив за некој исушен корен
и притаено гледав тие црни сеништа
стапка по стапка како ми се приближуваат

вртејќи се околу себе, скокајќи кон ѕвездите,
гребејќи и нуркајќи в земи,
сé дури одново тоа грозно завивање

не ми го скрши сонот и ме разбуди
со меч со кој на крајот замавнав и на себеси
За да се најдам скаменет во прекрасна болка

— Скршен меѓу усамата и раната.

## ЧУДЕСНИ ПТИЦИ ШТО НЀ НАДЛЕТУВААТ

(На Д-р Душко Томовски)

Чудесни птици дојдени да надлетаат
со своите гласови околу нас
и со крилцата колку да му мавнат

на животот.

Ниту слушаат — ниту владеат . . .

Низ нивните небесни очи,
како низ љубовна татковина
талкаат цвеќенца, векови, старци . . .

Нема непознато за нив. Непознатото остана во нас!

О, чудесни птици што нѐ надлетувате
со своите гласови,
чинија зрели плодови зад вратите ве чека.



## НЕКОГАШ КОГА ЦУТЕА ЦРЕШИТЕ

Бевме мали, братчињата, сестричките
и са зима молевме да оздраве мајка
и пролети некаде кога прошета низ дворот
како дечиња се разиграа црешите на гранките
а гласот мајкин светкаше меѓу нив
како некоја заповест од светата книга,
како ѕвезда Давидова.

Одново сега го гледам тоа стебло,
се смалило, изгорело, се исушило
и колку подолго се загледувам
така одново го слушам тој познат глас
што ги исцелува душите
и од кој зацрвенуваат плодовите.

Одново го напуштам овој двор
Со рака на усните за да не се чуе
Што сакав да ѝ шепнам на мајка ми

Некогаш на разделување,
Некогаш кога цутеа црешите.

## МАКЕДОНСКИ ИМЕНКИ

Во многукратните асоцијативни и симболички зрачења на македонскиот збор, именките и придавките како да ми открија еден до сега незнаен и недостапен свет. Со години стојам збунет пред бесконечниот список на имиња на ѕвезди и болести, на месеци и на денови, на села и на цвеќиња; со години се мачам да ги насетам сенките на звучната линија на македонските придавки со години си живеам во прелага дека еден ден поодблиску ќе го запознаам, поодблиску ќе ја насетам сезначноста на емотивниот и мисловен предел на македонскиот збор.

Пред силата на чистиот и непосреден македонски збор, мене не ми останува ништо друго освен да молчам и од далеку да го проследувам самостојниот живот и дарбата на вечното самопресоздавање на зборот.

Во овој циклус се застапени само неколку наслови од еден пообемен поетски ракопис во кој се обидов да ги здружам македонските именки и придавки на начин кој ми се гледа за интересен за нашите натамошни истражувања.

Всушност само набројав имиња на македонски села и цвеќиња.



### НЕПРОШТЕНО

Неманци, Сираци, Загорани,
Скрбин, Самотин, Омчан,
— Војник!

Робово, Боишта, Бесилишта,
Крвеник, Могила, Крстец,
— Мртвица!

Дименица, Пепелишта, Вдовишта,
Сениште, Заграчен, Болно,
— Чемерско!

Рана, Костур, Враништа,
Тажно, Црна, Ѕвезда
— Света!

## АДАМ И ДАЛЈАНА

Адам — Убожник, Успан,
Далјана — Љубовка, Грешница, Росна . . .

Адам — Христољуб, Тројкрсти,
Далјана — Ѓаволиште, Прељубие . . .

Адам — Ратово, Рана, Мртвец,
Далјана — Жалино, Вдовица, Неоли . . .



## ВРТОЛУМ

Неволјани, Опожарени, Прекопани,
Роби, Грешници, Сираци,
Тажни и — Гревни:

Гаврани, Вештици, Бајалци,
Костољуби, Самотни, Скрбни:

Денско — Мирово,
Нокно — Вртолум!

## АДАМОВО И ДАВИДОВО

Адамово: Женско, Денско — Лудово!
Давидово: Ѕвезда, Света — Мирово . . .

Адамово: Неред, Нестрам — Гревница!
Давидово: Драгово, Соништа — Зеленград . . .

Адамово: Скрбин, Поум — Грешница!
Давидово: Љубојно, Добрино — Светица . . .



## ЦРНО КАЛУЃЕРЧЕ

Зорниче — повечерче,
Водарче — камењарче,
Дремниче — вампирче,

Побратче — деверче,
Огниче — лутиче,
Жедниче — повејче,

Сираче — жалениче.
— Црно калуѓерче!

## НЕБЕСНА ВДОВИЦА

Латинче — златниче,
Здравче — омајниче,
Војниче — бајраче:

Невен — зеленика
Калуѓерка, јаглика,
— Небесна вдовица!

Латинче — омајниче,
Велигденче — летниче,
Срце Богородично:

Невен — вратика,
Крсник — камбанка.
— Солза момина!

Латинче — погорче,
Жедниче — самјаче,
Липка — вечерно

— Небесна вдовица!



## ВАМПИРЧЕ

Северче — деверче,
бисерче — орличе,
жолтиче — офтиче,

Солзо момина:

Зорниче — мртвиче,
вечерно — кандилче . . .

## СОДРЖИНА

КОН „ЉУБОПИС" — 5
Песна за тревата меѓу нашите ребра или песна за татковината — 25
Тројца војници — 26
Чекајќи го синот — 27
Запис за црвените ветрови — 28
Запис за учителот — 29
Гавран — 30
Арсенија од Дебарцко и Гарцско — 31
Татковина — 32
Воскресение — 33
Крстот на овчарот — 34
Лузна — 35
Старата учителка — 36
Запис за некогашниот командант — 37
Татковото писмо — 39
Јаве во долината на животот — 40
Оган спроти Велигден — 41
Зад сенките на дождовите — 42
Во домот на старецот — 43
Запис за трагите — 44
Последниот псалм на соседот в постела — 45
Правта твоја — 46
Ѕидниот часовник — 47
Сонот на монахот — 49
The Yellow Christ — 51
Сонце и молитви — 53



Спроти Велигден 1979 — 54
Откорнатици — 55
Запис за мајките од егејско — 56
Урнатини на мислата — 57
Одново ноќта — 58
Монах стои пред портите манастирски — 59
Неизречен збор — 60
Крај на летото — 61
Песната на мајсторот — 62
Непознатата — 63
Девојка на бунарот — 64
Есени, сам крај огниште — 66
Спроти првиот збор — 67
Летник 1977 — 68
Оган во пределот — 69
Рута од древните книги — 70
Сонот на детето — 71
Ужичка 15 — 72
Гледачка на кафе — 73
Пладне кога минува девојката — 76
Да се наслика — 77
Гумно — 78
Монолог за Изабела дури го гледа дождот — 79
Девојката што позвони на нашата врата — 81
Трпеза — 82
Велигденчиња — 83
Момина солза — 84
Постелата на старецот — 85
Ноќеска во твојата постела — 86
Не смеам да заспијам — ќе ми исчезне во сонот — 87
Тагата на поштарот — 88
Да си замислиш еден прозорец — 89
Напладнина во август — 90
Белиот дуќан — 91
Кога ноќевавме во Кавала — 92
Кога престана дождот — 93
Птица на детството — 94
Има таква ноќ — 95
Тажаленки над морето — 96
Вратете се скитачи што го множите сонцето — 97

Студена постела на огнот — — — — — — — — — 98
Траги — — — — — — — — — — — — — 99
Запис за цвеќарот — — — — — — — — — — 100
Бездетниот Исус — — — — — — — — — — 101
Незнајна, што ме ништиш — — — — — — — — 102
Улам на твоите усни во кои заоѓа сонцето — — — 103
Загледан во книгата на родените — — — — — — 105
Полноќна глутница — — — — — — — — — 106
Чудесни птици што нè надлетуваат — — — — — 107
Некогаш кога цутеа црешите — — — — — — — 108

МАКЕДОНСКИ ИМЕНКИ — — — — — — — — 109

Непроштено — — — — — — — — — — — 110
Адам и Далјана — — — — — — — — — — 111
Вртолум — — — — — — — — — — — — 112
Адамово и Давидово — — — — — — — — — 113
Црно калуѓерче — — — — — — — — — — 114
Небесна вдовица — — — — — — — — — — 115
Вампирче — — — — — — — — — — — — 116



АНТЕ ПОПОВСКИ
ЉУБОПИС

*

ИЗДАВАЧ
СТРЕМЕЖ — ПРИЛЕП
1980

*

ЗА ИЗДАВАЧОТ
Д-р ГЛИГОР ПОПОСКИ

*

ПЕЧАТ
11 ОКТОМВРИ — ПРИЛЕП
Тираж: 1500 примероци